Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-тата седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-302/1 од 20.01.2021 година **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-302/1 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-302/1 од 20.01.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата е наведено дека на подносителот не му бил признаен стаж /// од сезонска работа во Швајцарска Конфедерација. По предметот за овој случај постапувале службени лица ///, /// и ///, административни службеници во филијалата на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (во понатамошниот текст: Фондот) во ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се докази.

По разгледување на наводите во пријавата и доставените докази, ДКСК се обрати до Фондот со барање да се изврши внатрешна ревизија по однос на истите. Фондот постапи по барањето на ДКСК и изврши внатрешна ревизија, за што достави Ревизорски извештај од спроведената ревизија, со докази.

Со ревизијата е утврдено, а во Извештајот е нотирано дека во конкретниот случај, подносителот се стекнал со право на старосна пензија сметано од /// година, врз основа на утврден пензиски стаж во вкупно траење од ///, стекнат во Северна Македонија, заради што определениот износ на месечна пензија на подносителот изнесувал /// (///) денари. Со оглед дека овој износ на месечна пензија бил понизок од законски гарантираниот најнизок износ, на подносителот месечно му се исплатувал гарантираниот износ на пензија од /// (///) денари. Меѓутоа, на /// година, подносителот доставил до Фондот барање за остварување право на пензија од Швајцарска Конфедерација, за остварен работен стаж во траење од ///, со што се стекнал со право на старосна пензија и од таму, со решение број /// од /// година,

сметано до /// година, во еднократна исплата, на износ од /// (///) швајцарски франци. Заради тоа, Фондот донел ново решение согласно со македонско – швајцарската конвенција за социјално осигурување, со кое се утврдил престанок на правото на најнизок износ на пензија, заради остварениот стаж во Северна Македонија.

Врз основа на Извештајот од внатрешната ревизија, ДКСК не констатира повреда на закон од страна на службено лице, заради стекнување корист, за себе лично, или за друг, оцени дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**